Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

# УСЛОВИ ЗА РАБОТА

## Консултант за ученички и младински компании

### За проектот

Балкански млади: Поврзување на едукацијата, способностите и партнерскиот потенцијал во регионалните практики за вработување е меѓународен проект кој се спроведува во Белгија, Црна Гора, Турција, Босна и Херцеговина, Албанија, Србија и Северна Македонија. Главната цел на проектот е да придонесе за младински претприемачки можности и да ги зајакне перспективите за вработување на младите од Западен Балкан. Проектот започна да се имплементира во март 2020 година, а ќе трае до февруари 2023 година.

### За ангажманот

Консултантот е потребно да подготви 2 акти кои ќе бидат прилагодени на националниот контекст во Северна Македонија, и тоа :

а) акт за регулирање на модел на ученичка компанија во Северна Македонија;
б) акт за регулирање на модел на младинска компанија во Северна Македонија.

Актите треба да вклучат збир на препораки и политики за измена на актуелната правна/образовна рамка во земјата со цел да им се овозможи на ученичките и младинските компании да бидат признати како нова правна форма во релевантното законодавство со цел да се поттикне влез на нови млади претприемачи на пазарот.

Консултантот во Северна Македонија ќе работи во тесна соработка со меѓународен консултант, кој има за цел да развие регионална регулативна рамка за поддршка на имплементацијата на младински/ученички компании во 6 земји, вклучувајќи ја и Северна Македонија.

Консултантот ќе биде ангажиран за вкупно 14 работни дена, распределени на следниов начин: 7 дена за подготовка на акт за студентска компанија и 7 дена за подготовка на акт за младинска компанија. Целиот ангажман/планираните работни денови мора да завршат најдоцна до јуни 2022.

### Очекувани резултати

Се очекува консултантот да ги исполни следните задачи:

- Да подготви и достави акт за регулирање на модел на ученичка компанија
- Да подготви и достави акт за регулирање на модел на младинска компанија
- Подготовка на извештај за доставените акти и процесот на подготовка на истите

**Потребни квалификации**

- Соодветно високо образование во областа на право, бизнис администрација, политички науки или други општествени науки;
- Минимум 3 години соодветно работно искуство во активности поврзани со анализа, мониторинг и евалуација на политики во области поврзани со претприемништво и/или пазарот на труд;
- Познавање на законодавството и состојбите на пазарот на труд и претприемништвото во Република Северна Македонија;
- Искуство во подготовка на стратешки или друг вид документи и презентирање на наоди.

**Начин на аплицирање**

Сите заинтересирани правни или физички лица потребно е да достават документи до **28.03.2022 година**, на applications@nms.org.mk, со наслов **„Апликација за консултант – By Leap – назив/име и презиме".** Во апликацијата потребно е да се содржани следните документи:

– Биографија на апликантот;
– Предлог методологија за реализација ангажманот (Анекс 1);
– Финансиска понуда (Анекс 2);
– Изјава за ексклузивност и достапност (Анекс 3);
– Изјава за непостоење на услови за исклучување на добавувач за извршување на услуги за проектот (Анекс 4, доколку аплицира правно лице).